АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 26.10.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3863 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија";

2.2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат";

2.3. Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на „Вечер";

2.4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на „Коха";

2.5. Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал";

2.6. Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДОО Скопје, издавач на „Фокус";

2.7. Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на „Битолски весник";

2.8. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Бахче";

2.9. Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на „Лајм";

2.10. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Економија и бизнис";

2.11. Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет";

2.12. Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски глас";

2.13. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“;

2.14. Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на „Порта 3“;

2.15. Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на „Шења“;

2.16. Друштво за медиуми издаваштво и маркетинг ЕХО МЕДИА ГРУПА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Скопско Ехо“ и „Македонско Ехо“;

2.17. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит“;

2.18. Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „Лице в лице“;

2.19. Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје, издавач на „InStore“;

2.20. Друштво за развој на научно-техничка култура ЕМИТЕР ДОО Скопје, издавач на „Емитер“;

2.21. Друштво за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје, издавач на „Народен лекар; и

2.22. Здружение СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач на „Слово“.

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданијата од 20 октомври 2023 година на весниците „Нова Македонија“ бр. 25952, „Слободен печат“ бр. 2980, „Вечер“ бр. 18342, „Коха“ бр. 4966 и „ Лајм“ бр. 4624;
- изданијата од 13 октомври 2023 година на „Капитал“ бр. 1154, „Фокус бр. 1462 и „Зенит“ бр. 767;
- изданијата од 11 октомври 2023 година на „Битолски весник“ бр. 3045/46 и „Народен лекар“ бр. 591;
- изданијата за август-септември 2023 година на „Порта 3“ бр. 325 и „Штипски глас“ бр. 134;
- изданијата за октомври 2023 година на „Економија и бизнис“ бр. 302, „Шења“ бр. 150, „Убавина и здравје“ бр. 176 и „InStore“ бр. 125;
- изданието за јули-август-септември 2023 година на „Бахче“ бр. 34;
- изданието за лето 2023 година на „Портрет“ бр. 60;
- изданието од 5 октомври 2023 година на „Скопско Ехо“ бр. 199;
- изданието од 14 септември 2023 година на „Македонско Ехо“ бр. 26;
- изданието на „Лице в лице“ бр. 53;
- изданието за јули-август 2023 година на „Емитер“ бр. 206; и
- изданието за септември-октомври 2023 година на „Слово“ бр. 58.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26 октомври 2023 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Констатации од надзорот:**

5.1. Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми <u>е во целост исполнета кај 20 печатени медиуми</u> опфатени со надзорот, и тоа кај:

- изданијата од 20 октомври 2023 година на весниците „Слободен печат" бр. 2980, „Вечер" бр. 18342, „Коха" бр. 4966 и „ Лајм" бр. 4624;
- изданијата од 13 октомври 2023 година на „Капитал" бр. 1154, „Фокус бр. 1462 и „Зенит" бр. 767;
- изданието од 11 октомври 2023 година на „Битолски весник" бр. 3045/46;
- изданијата за август-септември 2023 година на „Порта 3" бр. 325 и „Штипски глас" бр. 134;
- изданијата за октомври 2023 година на „Економија и бизнис" бр. 302, „Шеќа" бр. 150, „Убавина и здравје" бр. 176 и „InStore" бр. 125;
- изданието за јули-август-септември 2023 година на „Бахче" бр. 34;
- изданието за лето 2023 година на „Портрет" бр. 60;
- изданието од 5 октомври 2023 година на „Скопско Ехо" бр. 199;
- изданието од 14 септември 2023 година на „Македонско Ехо" бр. 26;
- изданието на „Лице в лице" бр. 53; и
- изданието за јули-август 2023 година на „Емитер" бр. 206.

5.2. Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми <u>е делумно исполнета кај три печатени медиуми,</u> и тоа кај:

1. Изданието бр. 25952 на „Нова Македонија", чиј издавач е Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје (не е објавен точниот број на печатени примероци);

2. Изданието бр. 591 на „Народен лекар", чиј издавач е Друштвото за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје (не е објавен точниот датум на печатење); и

3. Изданието бр. 58 на „Слово", чиј издавач е Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје (не се објавени податоците за адресата на седиштето на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, називот на печатницата, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци).

Предлог мерките за издавачите на овие печатени медиуми се дадени во посебните извештаи кои се доставуваат во прилог на овој извештај.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***